# ПИСМО - ПРИКАЗНА ЗА СИТЕ ДЕЦА

Драги деца, каде и да сте на земјата планета,
Драги деца од Македонија,

Пред да ја раскажам приказната за значајот и моќта на образованието дозволете ми да ви посакам на сите вас среќно детство, да бидете здрави и да живеете во мир. Знам дека не сите деца ја имаат оваа благосостојба, но знам и тоа дека сите ние повозрасните треба да се бориме и да ви создадеме услови за нормален живот, во кој меѓу другото ќе имате и можност да го остварите и вашето право на образование.

Значењето на образованието е огромно, тоа ве прави моќни во борбата која е неминовна во текот на целиот ваш живот за остварување на своите цели.

Приказната што ќе ви ја раскажам е многу едноставна, не е спектакуларна и не е необична, а се однесува на стекнувањето на моето образование и култура помеѓу другото и преку изучување на странски јазици и читање книги. Јас се викам Маргарита Цаца Николовска. Родена сум во Скопје во Република Македонија, мала но значајна држава, со своја специфична историја и мајка сум на две деца. Во моето најрано детство особено големо внимание било посветувано од страна на моите родители и мојот дедо на изучувањето на странските јазици. Во најраниот период покрај македонскиот јазик сум учела да зборувам и грчки јазик. Грчкиот јазик сум го научила благодарение на мојот дедо кој студирал во Атина и го зборувал овој јазик. Тој зборуваше повеќе странски јазици и неговата идеа била подоцна да ми помогне во изучувањето и на албанскиот јазик како друг јазик на нашите соседи. Но моите родители дале предимство на моето изучување уште во рано детство на францускиот и англискиот јазик кое што окупираше многу од моето време. Особена помош и поддршка во изучувањето на овие јазици ми беше пружена од мојот татко кој што исто така зборуваше неколку странски јазици.

Познавањето на овие јазици подоцна во животот многу ми помогнале во проширувањето на моето образование, мојата култура и во мојата кариера, особено кога станав судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбург која функција ја обавував околу десетина години.

Во еден подоцнежен период од мојот живот учев и шпански јазик и можам да кажам дека вистина е зборувањето дека кога зборуваш два јазика подоцна учењето на другите странски јазици е полесно.

Запознавањето и учењето на јазиците на поранешните југословенски републики: српски, хрватски и словенечки го правев преку читање на книги и печатот на тие јазици.

Покрај учењето на странски јазици моето образование го стекнував и проширував и преку читање на книги. Поддршката и обврската на ова поле беше особено голема од мојата мајка која што беше учителка. Од најраната детска возраст читав и многу други книги покрај оние задолжителните во училиште кои што популарно ги нарекувавме лектири.

Во текот на студирањето и понатаму во работата како национален судија постојано консултирав, читав, покрај обавезната и друга домашна и странска литература. На овој начин знаењето на стручно поле се проширувашe и ги отвараше вратите во судиската кариера, почнувајќи да работам како судија во Основен суд, понатаму во Апелациониот суд Скопје и во Врховниот суд на Република Македонија.  Круна на моето работење како судија беше изборот за меѓународен судија во Европскиот суд за човекови права.

Како резултат на ваквиот пристап кон стекнувањето на образованието многу полесно остварував контакти, запознавав многу култури, држави и лица кое пак нешто ми овозможуваше проширување на моите хоризонти. Многу полесно ги разбираш луѓето, ја прифаќаш нивната култура, нивниот менталитет, а ти се чувствуваш порелаксирано во односите со нив.

Стекнувањето и проширувањето на образованието и културата е континуиран процес и истиот трае додека си жив. Кумулирањето на знаењето не се стекнува само по себе. Тоа е резултат на работата во образовниот процес каде вие како поединци можете многу и самите да постигнете.

Мојата приказна не е бајка, таа е реалност. Станав меѓународен судија која функција е значајна и престижна благодарение на моето стручно образование како правник и познавањето на странските јазици. Познавањето на странските јазици ми овозможија следење на странската стручна литература, проширување на моето знаење на полето на човековите права од еден друг аспект и она што е особено важно си овозможив правење на анализа и оценка на состојбите преку компаративниот пристап. Сознанијата за состојбите во разни земји го шират видикот и развиваат способност за реално, квалитетно и независно оценување во секој поглед.

На крајот драги деца дозволете ми да ве повикам да ги впрегнете сите сили во остварување на вашето право на образование кое може многу да ви помогне во животот, а воедно да ги повикам и возрасните да ви го

овозможат тоа остварување и реално, а не само на зборови. Јас, како родител сум го овозможила ова право на моите две деца кои што се сега академски граѓани и познаваат неколку странски јазици. Како поранешен судија на Европскиот суд за човекови права моето искуство го презентирам и го споделувам не само на своите колеги туку и на деца од средношколска возраст и студенти.

Маргарита Цаца Николовска